СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата



Дирекција за тргување и девизен пазар

**Дневни финансиски вести** 02 Мај 2012

## Издвојуваме:

Прометот на домашниот девизен пазар во понеделникот изнесуваше ЕУР 34,2 млн. Меѓу банките беа истргувани нешто над ЕУР 1,7 млн. на цени кои се движеа меѓу 61,54 и 61,62. Меѓу маркет- мејкерите беа истргувани ЕУР 0,85.

На последната аукција МинФин продаде повеќе ДЗ од планираниот износ. За аукцијата на 3-месечни ДЗ без девизна клаузула беа добиени понуди во износ од МКД 4,700,000,000 и сите беа прифатени. Аукциите на 3- месечни и 6- месечни ДЗ со девизна клаузула не беа целосно пополнети т.е беа запишани МКД 963,000,000 и МКД 94,700,000 респективно.



Извор: НБРМ

За ликвидносни потреби и тргување може да се купуваат/ продаваат веќе издадените државни хартии од вредност на секундарниот пазар.

Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на SB | Продажен принос на SB |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3-Jan-12 | **ДЗ2012/01-182dk** | 4-Jul-12 | 63 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 7-Feb-12 | **ДЗ2012/02-196dk** | 22-Aug-12 | 112 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 21-Feb-12 | **ДЗ2012/08-84dk** | 16-May-12 | 14 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 21-Feb-12 | **ДЗ2012/07-84** | 16-May-12 | 14 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/09-91** | 6-Jun-12 | 35 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/10-91dk** | 6-Jun-12 | 35 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/03-182dk** | 5-Sep-12 | 126 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 13-Mar-12 | **ДЗ2012/11-91** | 13-Jun-12 | 42 | 4,20% | - | 4.40% | 4.00% |
| 13-Mar-12 | **ДЗ2012/12-91dk** | 13-Jun-12 | 42 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **ДЗ2012/13-91** | 4-Jul-12 | 63 | 4,20% | - | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **ДЗ2012/14-91dk** | 4-Jul-12 | 63 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **ДЗ2012/15-91** | 18-Jul-12 | 77 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **ДЗ2012/16-91dk** | 18-Jul-12 | 77 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/17-98** | 8-Aug-12 | 98 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/18-98dk** | 8-Aug-12 | 98 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/04-189dk** | 7-Nov-12 | 189 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |

Референтни каматни стапки

| Валута 03/05 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 9m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Libor USD** | 0.14700 | 0.19060 | 0.23875 | 0.46585 | 0.72740 | 0.88680 | 1.04720 |
| **Libor CHF** | 0.03167 | 0.04333 | 0.07500 | 0.11167 | 0.18500 | 0.26700 | 0.39283 |
| **Euribor** | 0.344 | 0.317 | 0.40 | 0.708 | 0.998 | 1.163 | 1.311 |
| **Skibor** | 2.18 | 3.16 | 4.07 | 4.67 | 5.25 | 5.77 | 6.23 |

Извор: Reuters и НБРМ

Здравје- Пролетта е вистинското време за полнење на организмот со витамини и минерали, како и за чистење од штетните материи. По долгата зима и исхраната сиромашна со овошје и зеленчук, организмот може да покаже симптоми на хроничен замор или пад на имунитетот, па токму затоа време е за пролетна детоксикација. Зеленото фрапе е идеален оброк за оваа намена. Вкусно е, хранливо и се подготвува за само две минути! Состојки: 1 банана, 0,3л млака вода, 100 гр. шумско овошје, 1-2 листа кељ, лажичка кафеав шеќер- се тоа во блендер.




Извор: Danske Bank

Утринава беа објавени податоците за PMI manufacturing на Италија, Франција, Германија и еврозоната. Сите индекси забележаа пад, посебно оној за Италија, од 47.9 на 43.8. И останатите индекси беа значително под ниво од 50.0 и се движеа околу 46- 47. Стапката на невработеност на Германија порасна од 6,7% на 6,8%, а на Италија од 9,3% на 9,8%. По намалувањето на рејтингот на Шпанија на BBB+, следи и намалување на рејтингот на 11 шпански банки, а 16 беа ставени на т.н negative watch, што значи дека би можело истото да се очекува и за нив. Исто така, беше објавено дека по бумот во градежништвото кој траеше неколку години, цените на недвижностите во Шпанија се паднати за околу 30%.

Иако ситуацијата во еврозоната е сложена, на утрешната прес- конференција на ECB не се очекува Марио Драги да соопшти нови инструменти на монетарната политика.

За разлика од ECB, повеќето членови на FED се наклонети кон нова QE3 програма за стимулирање на економијата преку откуп на обврзници со што би се зголемила ликвидноста. Аналитичарите сметаат дека економските податоци за US се задоволителни и дека нема потреба од натамошни монетарни стимулации пред се поради можноста за пораст на инфлацијата над таргетот, но исто така сметаат и дека Американците предолго знаат само за кејнзијанизам и интервентна монетарна политика поради 20- годишното владеење на Гринспен со Федералните Резерви.

Reserve Bank of Australia ја намали референтната каматна стапка за 50 базични поени, од 4,25% на 3,75%. Чекорот на намалување беше очекуван од страна на финансиските пазари, но не и големината на намалувањето. RBA ја рационализира својата одлука преку значителното намалување на економскиот раст и инфлацијата во изминатите месеци.

Поважни економски индикатори на Г7 земјите за денес

| | | |
|---|---|---|
| 09:53 | Ger | PMI manufacturing index |
| 09:58 | EU | PMI manufacturing index |
| 14:15 | US | ADP National Employment |
| 16:00 | US | Durable goods |

Интервалутни курсеви во 09:30 часот

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.3223 | **XAU** | 1656.3 |
| **EURCHF** | 1.2015 | **XAG** | 30.88 |
| **EURAUD** | 1.2784 | **Brent** | 120.01 |
| **EURGBP** | 0.8146 | **Copper** | 8528 |
| **EURJPY** | 106.47 | **Nickel** | 17525 |
| **USDJPY** | 80.53 | **Zink** | 2049 |

Извор: Reuters

Цени и приноси на државни обврзници

| рок / земја | 2 години цена | 2 години принос | 3 години цена | 3 години принос | 5 години цена | 5 години принос | 10 години цена | 10 години принос |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **US** | 99.9609 | 0.2697 | 99.95313 | 0.391 | 100.1563 | 0.843 | 100.3438 | 1.9611 |
| **В. Британија** | 103.293 | 0.456 | 105.87 | 0.572 | 103.052 | 1.084 | 116.661 | 2.116 |
| **Канада** | 98.845 | 1.339 | 98.81 | 1.444 | 99.46 | 1.616 | 109.77 | 2.063 |
| **Германија** | 100.287 | 0.095 | 105.96 | 0.205 | 100.603 | 0.622 | 100.551 | 1.69 |
| **Франција** | 106.646 | 0.592 | 107.425 | 0.95 | 100.125 | 1.722 | 100.237 | 2.972 |
| **Италија** | 99.915 | 3.069 | 98.27 | 3.658 | 100.895 | 4.596 | 97.013 | 5.467 |
| **Шпанија** | 100.186 | 3.301 | 100.059 | 3.981 | 98.289 | 4.676 | 100.584 | 5.766 |
| **Грција** | - | - | - | - | - | - | 24.375 | 20.588 |
| **Македонија** | | | | | 100.00 | 5.50 | | |

Извор: Reuters

Берзански индекси

| | 9:30h | претходен ден | +/- | 3-Jan-11 | +/- |
|---|---|---|---|---|---|
| DAX | 6867 | ↑ | 1.56 | 6075.52 | 13.03 |
| Dow Jones | 13279.32 | ↑ | 0.50 | 12217.56 | 8.00 |
| FTSE | 5812.23 | ↑ | 1.30 | 5572.28 | 4.31 |
| Nikkei 225 | 9411.56 | ↑ | 0.65 | 8455.35 | 11.31 |
| Hang Seng | 20952 | ↑ | 0.27 | 18824.3 | 11.30 |
| MBI- 10 | 1982.33 | ↑ | 0.02 | 1975.79 | 0.33 |




Извор: Reuters

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Билјана Јованоска тел. 3295- 109; е- mail: biljana.jovanovska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; е- mail: saso.radevski@stb.com.mk
Стојан Донески тел: 3295- 107; е- mail: stojan.doneski@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци кои Банката ги користи, но за кои не гарантира.
Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.